ZAJEDNICA UDRUGA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА ДРУШТВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ
ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
MACEDONIAN COMMUNITY IN REPUBLIC OF CROATIA

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎ +385 1 48 72 655, ☎/FAX +385 1 48 72 665
Žiro račun 30102 - 678 - 82341, Internet : http://pubwww.srce.hr/makedonci-rh

Наш број: ЗМ 97-9/2000
Загреб, 13.09.2000.г.

УПРАВЕН ОДБОР
ТРЕТА СЕДНИЦА

# З А П И С Н И К

од третата седница на Управниот одбор на Заедницата на Македонците која се одржа на ден 07.09.2000.г. во просториите на Заедница на Македонците во Република Хрватаска, Масарикова 16, со почеток во 11,00 часот. Со седницата председаваше председателот Илија Христодулов кој што за работа на седницата го предложи следниов:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од втората седница,
2. Извештај за финансиската ситуација во Заедницата,
3. Извештај за досегашната работа.на Заедницата и друштвата.
4. Извештај за спојувањето на друштвата во Сплит.
5. Македонски глас
6. Разно ( а-Танец, б- Пријатељима с љубављу).

Предложениот дневен ред беше едногласно прифатен.

На седницата присуствуваа:
<u>Членови на УО</u>: Илија Христодулов, Благоја Јовановски, Иван Качуров, Славица Сагадин, и (замена на Марина Арсовска Золтнер- Ксенија Лазарева -Јурановиќ.
<u>Одсутни</u>: Јован Карпузовски.
<u>Гости</u>:Никола Илиевски - секретар на Заедницата, Томислав Грујоски - секретар на МПЦО Св. Злата Мегленска, Марјан Гиговски член на Надзорниот Одбор и Мирко Цагљевиќ председател на одборот за малцинства во жупанијското поглаварство во Ријека.

Ад. 1 Након воведната информација од страна на Председателот и администраторот на Заедницата во врска со извршените заклучоци и задачи од втората седница на УО. Записникот што беше предходно доставен до сите друштва, беше прифатен во целост.

Ад.2 Воведна информација по втората точка од дневниот ред поднесе Илија Христодулов. Истакна дека до членовите на УО се доставени: преглед на протокот на средствата преку сметката од Заедницата и административен извештај бр.2 што се составен дел од записников.

Дискусијата се водеше според точките во административниот извештај, така што на прво место дојде мањакот во благајната.

Председателот Илија Христодулов предложи мањакот и понатаму да се евидентира до крајот на годината.

Потпредседателот Иван Кауров, се заложи за тоа да долговите не се простуваат како што беше договорено на првиот состанок на УО - старите долгови да не се признаваат.

Подпредседателот Благоја Јовановски нагласи дека одговорноста ја сносат лицата овластени за застапување на Заедницата - овластени потпицници.

Славица Сагадин истакна дека на една од седниците на УО, во предходниот мандат, била донесена одлука за забрана на исплата на некои хонорари за административното лице те прдложи да се побара појаснување и одговорност на лицата што ја извршиле исплатат и покрај постоечката забрана.

Након проведената расправа и дискусија се донесоа следните заклучоци:

По писмен пат да се побара од одговорните лица, во предходниот мандат, да се изјаснат за настанатата ситуација во благајната и исплаените хонорари без уговори.

За исплатените хонорари во износ од 5 x 1.700,00 куни за административниот работник Златко Поповски (кои требало да бидат исплатени на темел на заклучениот уговор за дело) треба да се изработат уговори и потпишат од овластените лица во предходниот период.

За ангажирање на сметководител да се ревидира уговорот со фирмата ЕКОЛИНК , те да се обиде да се постигне пониска цена на услугата во вториот дел од годината или да се ангажира друг сметководител. Во договор со Христодулов оваа работа ќе ја завршат Качуров и Илиевски.

Фактурите од минатата година - прилозите 5, 6 и 7, од административниот извештај бр. 2, да се платат доколку ипорачателите на услугата го побараат тоа.

За прилогот 8 да се побара точен износ на долгот и да се испоставаат сметките на оние што ги направиле.

Сметките од прилогот бр 9 да се платат доколку не може да се најде решение за субвенционирање од страна на органите на Локалната управа.

Ад. 3 Врзано за активностите на Заедницата и друштвата заклучено е:

- Да се икопира и испрати до сите друштва шестомесечниот извештај за наменско користење на средствата испратен до Уредот за малцинства.
- Од Пула да се доств извештајот за правдање на средствата примени од Заедницата во првото полугодие. Извештаите од друштвата не се посебно читани и разгледувани.

Сите друштва да испратат програми за 2001. година за оние активности кои што ќе се суфинансираат, преку Заедницата,од страна на Уредот за малцинства.

- Сите друштва се обврзуваат да ја информираат Заедницата за своите активности - тромесечно, во писмен облик.
- Активноста на Заедницата во целина е оценета како добра со напомена дека друшвото во Задар треба да се активира и во тоа треба да му се помогне од Заедницата.

Ад. 4	Заради неможноста прдседателот Илија Христодулов да присуствува на заедничкото собрание во Сплит, беше испратен потпредседателот Иван Качуров. Согласност за тоа дадоа потпредседателот Благоја Јовановски и секретарот Никола Илиевски. До сите друштва испратен е извештајот од Службениот пат ви Сплит на Качуров кој за оваа прилика ја појасни ситуацијата во која Собранието е одржано. Нагласи дека Собранието за обединување на двете друштва на самиот почеток било опструирано од страна на председателот и членот на комисијата за обединување-Доне Богдановски и членови на КДМПМ кои не се согласувале со одржувањето на Собранието. Од првобитните 57 члена по напуштањето на Собранието ха дел од членовите на КДМПМ останале 36 члена кои што според дневниот ред избрале ново раководство на друштво составено од членови од двете друштва. Утредента Председателот Доне Богдановски се извинил за својот настап со изговор дека тоа го сторил под притисок на некои *свои* членови.

Након воведното образложение од страна на подпредседателот Качуров ипроведената расправа донесена е следната:

ОДЛУКА

а)	Управниот одбор на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, во еден град (како што беш случајот во Загреб) ја подржува работата и финансира само едно македонско културно друштво.

б)	За Сплит и сплитско- далматинската жупанија тоа е . МКД " МАКЕДОНИЈА " на чело со новоизбраното раководство.

в)	Друштво има задача да ги организира сите заитересирани членови од Сплит и сплитско-далматинската жупанија.

г)	Новото раководството има обврска е да овозможи остварување на етничките права на сите заинтересирани за одржување на етничките белези на граѓаните од македонско потекло и продлабочување на пријателските врски меѓу хрватскиот и македонскиот народ.

Одлуката е донесена со еден глас против (Славица Сагадин).

Со оваа одлука да се запознаат надлежните органи во Владата на Р. Хрватска, градот Сплит, Жупанијата сплитско-далматинска, амбасадата на Р. Македонија и другите заинтересирани страни.

Ад. 5	Воведно излагање по оваа точка од дневниот ред даде Благоја Јовановски - главен уредник на Македонски Глас. По спроведената расправа донесени се следниве заклучоци:

-	Од печатницата А.Г. Матош од Самобор да се побара архивата од Македонски Глас, како би се добило и решението за печатење.
-	За подигање на квалитетот на списанието да се стимулираат, со износи до 400.00 куни, стручните статии напишани од лица со титули на доктори на науки или стекнат авторитет во поедини подрачја .
-	Се задолжуваат друштвата да достават свои представници во редакцијата на МАКЕДОНСКИ ГЛАС .Се препорачува да во идните броеви од МАКЕДОНСКИ ГЛАС се даваат прилози од работата на црковните општини.
-	Да се доставуваат прилози во вид на биографија на поедини видни и активни членови кои со својата активност позитивно придонесло за развитокот и афирмација на друштвата, Заедницата и дале одреден придонес во научниот, стручниот и културниот просперитет на Република Хрватска и Република Македонија.

- Се задолжува администраторот на Заедницата во иднина да врши компјуторска обработка на текстовите за МАКЕДОНСКИ ГЛАС . Неговиот хонорар ќе се правда како припрема на Македонски Глас со што би се намалиле режиските трошоци.
- Дописи за МАКЕДОНСКИ ГЛАС да се испраќаат на адреса на Заедницата каде што главниот уредник со членовите на редакцијата, лично или по телефон, ќе го договори конечниот облик и содржина на МАКЕДОНСКИ ГЛАС .

На предлог на председателот на Заедницата, Управниот одбор се согласи, да на главниот уредник на МАКЕДОНСКИ ГЛАС, Благоја Јовановски-професор, му се даде благодарница за успешните напорите вложени за излегувањето на списанието од печат.

Ад. 6 а) Иван Качуров даде воведно образложение во врска со гостување на македонскиот национален фолклорен ансамбл *Танец* во Република Словенија . Предложи да доколку има можност гостувањето се организира и во Република Хрватска. Након воведното образложение УО донесе едногласен заклучок :

Прредлогот на подпредседателот Качуров едногласно беше подржан те целокупната организација им се препушта на друштвата а за главен координатор се одредува Иван Качуров.

б) Управниот одбор од страна на председателот Илија Христодулов беше информиран за иницијативата на Мирко Цаглјевиќ за организирање на концерт на сериозна музика под наслов *Пријатељима с љубављу* во кој би зеле учество истакнати македонски и хрватски уметници. Програмот би се прикажувал во градовите во Македонија и Хрватска . Управниот одбор ја подржа оваа иницијатива.

После исцрпениот дневен ред седницата заврши во 15.45 часот.

Записничар
В. Јовески дипл.инг.

Секретар на Заедницата

Никола Илиевски дипл. политолог